ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2015 година бр. 07-40/21 од 25.12.2014, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

за организирање на ПОВТОРЕНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за
**Предлог Детален урбанистички план за Работна Зона м.в Хераклеа (ДУП за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08) - Општина Битола**

Повторената Јавна презентација на **Предлог Детален урбанистички план за Работна Зона м.в Хераклеа (Детален урбанистички план за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08) - Општина Битола,** ќе се одржи на ден **04.05.2026 година (понеделник) во 13.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

**Предлог Детален урбанистички план за Работна Зона м.в Хераклеа (Детален урбанистички план за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08) - Општина Битола** се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: на североисток по осовина на магистрална улица согласно ГУП на град Битола,ул."Македонска фаланга", на југоисток по осовина на собирна улица согласно ГУП на град Битола, ул. "Буковска" и на југозапад по осовина на собирна улица согласно ГУП на град Битола, пат Битола - с.Бистрица - с.Драгош, соодветно на изложениот графички прилог. Површината на планскиот опфат во рамки на зададените граници изнесува 4.0 ха.

Графичкиот прилог од **Предлог Детален урбанистички план за Работна Зона м.в Хераклеа (Детален урбанистички план за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08) - Општина Битола,** ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 30.04.2026 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

**Повторената Јавната анкета за Предлог Детален урбанистички план за Работна Зона м.в Хераклеа (Детален урбанистички план за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08) - Општина Битола, ќе трае 7 работни денови почнувајќи од 30.04.2026 година заклучно со 11.05.2026 година.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да ги подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физичките лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-554/3
23.04.2026
Б И Т О Л А

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Битола

Тони Коњановски